Бр. 13 Цена: 50 ден. СЕПТЕМВРИ 2010 год.
ISSN: 1857-6710

# ШТИТ

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# 18 ГОДИНИ АРМИЈА-ЗНАМЕНОСЕЦ

ЧЕСТВУВАЊЕ НА ПРАЗНИКОТ НА НАШАТА ЗАЕДНИЧКА ГОРДОСТ

СО ИНЖЕНЕРИСКАТА ЕДИНИЦА НА АРМ

## СЕ ВРАЌА СТАРИОТ СЈАЈ НА ПРЕСПА

ЗА ОСКАРОВЕЦОТ „НИЧИЈА ЗЕМЈА“

## РОВ ЗА ПАМЕТЕЊЕ

★АРМ - НАТО ★ РАПОРТИРАЊЕ ★ ОРУЖЈЕ ★ ВОЕНА ИСТОРИЈА ★ ИГРИ И СИМУЛАЦИИ ★

РЕФЕРЕНДУМ '91

# 95,09 %

# „ЗА“

*8 септември 1991 година*

*„...слободна,*
*суверена и*
*самостојна Македонија...“*

# Содржина:




Страница 8 — **ИНТЕРВЈУ СО БРИГАДНИОТ ГЕНЕРАЛ ДАВИД ХУМАР, КОМАНДАНТ НА НАТО-ШТАБОТ ВО СКОПЈЕ И ВИСОК ВОЕН ПРЕТСТАВНИК НА АЛИЈАНСАТА**

Страница 4 — **РАЗВОЈ НА ЕВРОПСКАТА ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА**
ЕВРОПА ПРОДОЛЖУВА СО СВОЈАТА СТРАТЕГИСКА ВИЗИЈА

Страница 14 — **РОБОТ-БОЛНИЧАР**
УПРАВУВАЊЕ СО СОВРЕМЕНОТО БОЈНО ПОЛЕ

Страница 20 — **ЧУДЕСНАТА МОЌ НА СРПОТ И ЧЕКАНОТ**
ТАЈНИТЕ СОВЕТСКИ ЕЛЕКТРОМАГНЕТНИ ОРУЖЈА – II

Страница 27 — **„СКОРПИИТЕ" ГИ ЗАМЕНИЈА „ЛЕОПАРДИТЕ"**
СМЕНА НА МАКЕДОНСКИОТ КОНТИНГЕНТ ВО ИСАФ

Страница 36 — **ТРАГЕДИЈАТА КОЈА ГО ПРОМЕНИ СВЕТОТ**
ДЕВЕТ ГОДИНИ ОД КРВАВИОТ 11-ТИ СЕПТЕМВРИ

Страница 42 — **БИТКАТА НА МАРИЦА**
СТРАТЕГИЈАТА НА НЕНАДЕЕН НАПАД – ПРЕСУДНА

Страница 50 — **НАЈВРЕДНИОТ РОДЕНДЕНСКИ ПОДАРОК**
РАЗГОВОР СО ЕСТРАДНИОТ УМЕТНИК И ТВ-УРЕДНИК, РИСТО САМАРЏИЕВ




Страница 11



Страница 23



Страница 52


**ШТИТ - Година II, број 13, септември 2010 година, излегува еднаш месечно**
**ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ**
Емил Димитриев (претседател)
Генерал-мајор Насер Сејдини, Сашко Димов, потполковник Мирче Ѓоргоски, потполковник Здравко Ризовски, потполковник Мери Ринџова, проф. д-р Ѓорѓи Малковски

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Здравко Ризовски, потполковник

**РЕДАКЦИЈА**
Биљана Иванова (технички, ликовно-графички уредник); Кристина Илиевска (новинар-уредник), Иван Петрушевски (новинар-соработник); Ксенија Митева (лектор); Александар Атанасов (фотографии), Мартина Кимовска (преведувач)

**КОНЦЕПТУАЛЕН КОНСАЛТИНГ, АРТ ДИРЕКЦИЈА И ДИЗАЈН**
Жарко Стојановиќ, Оливер Ќурчиев, Весна Вујадиновиќ, Стефан Смиљаноски

**Печати: „Европа 92" – Кочани**

**АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ"
ул. „Орце Николов" 66 1000 Скопје
Телефони: 02 328 24 17; 02 328 20 58
Факс: 02 3113 527; 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095


## ПОЛНОЛЕТСТВО

Чувството на припадност на организирани форми и целини е предуслов тие организации да се создадат и да постојат. Припадноста кон државната заедница е меѓу најизразените однесувања, веднаш по припадноста на човековиот род и понекогаш по верското однесување.

Честитката, како и поздравот, се дел од култивираното однесување, моменти на внимание. Би се рекло – евтино чинат, доволно вредат. Тие ги поттикнуваат довербата и почитта, ги допираат илузиите во позитивна смисла. „Ако на луѓето им ги одземеме илузиите, тогаш кое задоволство би им останало", се прашувал Волтер.

Честитката има и значење и вредност, а тој – подарокот, има волшебна моќ или како што заклучил Аверченко: „Ништо не ме освојува толку брзо и ништо не ценам толку како подарокот".

Еден од позначајните датуми од поновата македонска историја секако е 18 Август – Денот на Армијата на Република Македонија. За припадниците на Армијата тоа е најсветлиот датум и затоа кон него се однесуваат со посебен пиетет. Едноставно но го сметаат за свој втор роденден. Горди што ѝ припаѓаат на институцијата која е една од оние што уживаат најголем углед кај граѓаните на Република Македонија, припадниците на АРМ секоја година од нејзиното раѓање гордо го чествуваат својот празник. Овојпат чествувањето значеше нешто посебно од вообичаеното. Се прославуваше полнолетството. Роденденот на Армијата беше одбележан достоинствено, скромно, но гордо, како што впрочем им прилега на нашите воини во гарнизоните ширум републиката, но и во Авганистан, во БиХ, во Либан и секаде онаму каде што има наши мировници кои се нашите најголеми амбасадори.

Периодот на младоста е еден од најубавите и незаборавни периоди од животот на секој човек. Како што младите ѝ се радуваат на младоста и секој ден од нивниот живот е на некој начин историски, така и за нашата млада армија годините на раст и развој исполнети со многу успеси, секако, го заслужуваат епитетот историски бидејќи АРМ ја создаваше и ја градеше сопствената, но и историјата на Република Македонија. Период во кој со секој изминат ден, со секоја успешно изведена вежба, со секоја успешно реализирана мисија во и надвор од Република Македонија, успешно се потврдуваше зрелоста. Армијата растеше, се развиваше и се трансформираше во од за денес со право да биде мала, мобилна и добро обучена армија – респектабилен партнер на НАТО. Армија која со својата особеност и интероперабилност, но и со својот придонес кон светскиот мир, одамна го заслужи членството во семејството на Алијансата.

Како што за младите е карактеристично што сакаат да бидат возрасни, играјќи на картата и очекувајќи тоа да им донесе привилегии, поголеми права, вистинска слобода, така и Армијата растеше и созреваше. Повозрасните, во основа, си ги признават годините. Меѓутоа, истражувањата кои ги откриваат искрените чувства при спомнувањето на годините на живот говорат дека речиси на сите им е мило кога ќе се каже дека изгледаат како да се помлади отколку што навистина се. Да се остане вечно млад е желба на секого, но за жал тоа е едно од нештата кои едноставно се невозможни. Токму младоста е една од карактеристиките што ја красат и нашата армија – младоста зрачи од нејзиниот строј. Затоа ќе си земам за право да кажам дека Армијата ќе остане вечно млада.

Армијата на Република Македонија го прослави полнолетството и продолжи смело со цврст војнички чекор да чекори во периодот на зреласта.

Честито полнолетство!

*Здравко Ризовски*




# БИТКАТА НА МАРИЦА

## СТРАТЕГИЈАТА НА НЕНАДЕЕН НАПАД – ПРЕСУДНА

Навлегувањето на османлиската војска на Балканот почнало да се чувствува уште во текот на XI век кога Византија била тешко поразена во битката кај Манцикерт во 1071 година и била принудена да се повлекува кон северозападниот дел на Балканот, поточно кон Бугарија. Победата кај Манцикерт го олеснила мигрирањето на османлиските племиња од областа Анадолија, кои сега се движеле кон запад од Централна Азија и Иран, следејќи ги селџуките војски.

По освојувањето на Галиполскиот Полуостров во 1351 година кај балканските народи се јавил голем страв од османлиите, особено по масовниот и енергичен продор на османлиите во Европа и на Балканот во текот на 1353 година, од Анадолија кон Румелија. Потоа османлиите поминале од Црното Море на југ, каде што првиот продор бил од север, по кој Селџучката држава се срушила. Анадолските османлиски племиња почнале да прават мали држави, а една од нив бил и османлискиот бејлук. Овој граничен бејлук се граничел со Византиската Империја, па затоа османлискиот бејлук за разлика од останатите бејлуци имал подобра местоположба за војување. Османлиите брзо напредувале на Балканот, така што византискиот император Јоанис Палеоголус, го пратил конзулот, папата Винчи Урбан, да преговара со унгарскиот крал Лајош, како и со бугарскиот, со српскиот и со босанскиот крал за да ги здружат војските за борба против османлиите. Османлиската опасност ја насетил и царот Душан, кој гледајќи каква сила се движи кон неговите територии побарал помош од папата Инокетие. Српскиот цар Душан ја здружил својата војска заедно со другите балкански народи, а воедно тој барал да биде врховен заповедник. Но тој ненадејно починал, па така кралот Волкашин станал господар на Прилеп и на Охрид.

### МАКЕДОНСКАТА ВОЈСКА НА БРАЌАТА ВОЛКАШИН И УГЛЕША

Уште посилно османлиската опасност ја почувствувал Јован Углеша, бидејќи источната и јужната граница од неговата Серска област често биле напаѓани од османлиската војска. Неговата територија се простирала од реките Струма и Марица до езерото Порос во родопското крајбрежје со седиште во Серес. Од овие причини тој ги признал правата на Цариградската патријаршија на својата област во текот на 1368 година. Брзиот тек на настаните го довел во ситуација да мора да се брани само со сопствените сили, а за помош го придобил само брата си Волкашин. Војската на браќата Волкашин и Углеша претежно била од Македонија, при што различни извори различно ја наведуваат нејзината големина. Некои велат дека таа се движела околу 60.000 војници, што е мошне сомнително. Според некои извори здружената војска на двајцата браќа изнесувала околу 15.000 војници и била составена од пешадија и од коњаница вооружени со копја, со стрели, со сабји итн. Планот на Волкашин и Углеша бил да ги здружат своите сили и да ги нападнат Пловдив и Одрин или да се утврдат во Серес и во Драма и таму да ја чекаат османлиската војска. Сепак се одлучиле за првичниот план знаејќи однапред дека главнината на Муратовата војска се наоѓа во Мала Азија. За одбрана на престолнината Одрин бил одговорен румелискиот беглербег Лала Шахин паша. Тој мобилизирал околу 15.000 војници, недоволно обучени и слабо вооружени бидејќи главнината се наоѓала во Мала Азија. Царот Урош, во мај 1371 година му го предал управувањето со Скопје на кралот Волкашин. Тој веднаш почнал со мобилизирање на војската. Најважни мобилизациски собиралишта биле: Скопје, Битола и Прилеп, а зборното мобилизациско место каде што за одредено време требало да се сретнат сите единици било во Овче Поле кај Штип. Во исто време, деспотот Јован Углеша извршил мобилизација во областите: Серес, Драма, Кавала и Мосинопол. Војниците биле вооружени со копја, со стрели, со сабји и со мечеви. Покрај штитовите, поимотните војници биле заштитени и со оклопи. Предводена од кралот Волкашин, војската од Овче Поле тргнала кон Ќустендил, а потоа кон Самоков, Пазарџик, Пловдив и Одрин. Војската што ја предводел Углеша од Драма тргнала кон Одрин и Пловдив. Двете војски се консолидирале на широката рамнина покрај реката Марица близу местото Черномен. Македонската војска која логистички била добро подготвена, паднала на првиот тест. Имено, често се



случувало при подолги походи војниците да се веселат, да пијат и да не ги почитуваат основните норми на раководење и командување со единиците. Откако логорската просторија била поставена крај реката Марица близу Черномен или поточно 40 километри северно од Одрин, Волкашин, не обрнувајќи доволно внимание, не забележал дека речиси целата единица е во алкохолизирана состојба и дека не е подготвена да се бори. Покрај ова, логорот не бил обезбеден бидејќи немало извидувачи на теренот како и стражарско обезбедување, иако местото било погодно за тоа бидејќи самиот простор давал солидна маскирна дисциплина. Малкутемина војници кои биле во трезна состојба се чувствувале мошне храбри откако преку извидувачите ја дознале бројната состојба на османлиската војска, односно дека не се многубројни.

**РЕШАВАЧКАТА БИТКА**

Вечерта на 25 септември во логорот на македонската војска пристигнале преговарачи кои нуделе секакви скапоцености за да се склучи примирје кое всушност и не било нивната главна цел. Нивната цел била да ја утврдат бројната состојба на македонската војска и да увидат дали сите војници се способни да војуваат. Откако утврдиле дека сите работи одат во нивна полза, односно дека војската




била неспособна да војува бидејќи била под дејство на алкохол, како кулминација на сето тоа дошол одговорот на кралот Волкашин дека не сакаат од нив никакви скапоцености и дека не сакаат примирје. Врз основа на тие информации румелискиот беглербег и врховен војсководец, Лала Шахин-паша, применил тактика на ненадеен ноќен напад. Во раните утрински часови помеѓу 25/26 септември 1371 година од три различни правци ја обиколил логорската просторија, а потоа ненадејно ја нападнал. Ова го направил од причина што силите на браќата биле побројни од неговите, но секако поради тоа што во состојбата во која се наоѓале и самата тактика која ја применил бројот на жртвите од негова страна би биле минимални, а кај македонската војска многу големи. Во самата битка Волкашин починал на самото место, додека пак Углеша бил смртно ранет, при што со единицата со која се извлекол (околу 50 војници) починал по патот за Серес. Вака обезглавената војска била катастрофално поразена. Според тврдењето на Садедин, битката на реката Марица османлиите ја добиле преку неочекуван (ненадеен) напад од акинџии без употреба на затоа наменетата спахиска коњаница.

Според стратегијата на Лала Шахин-паша битката на Марица е добиена откако прво преку извидницата која била пратена на чело со Хаџи Илбеј, било утврдено дека војската на противникот е десеткратно поголема, што на прв поглед не дава никакви шанси за успех. Но, откако било утврдено дека војската речиси цело време била пијана, се појавиле големи шанси за добра стратегија и за сигурен успех. Тактичкиот заклучок бил: Односот на силите на напаѓачот и оној кој се брани секогаш е еден спрема три, а уште ако се неподготвени физики и психички тогаш е најмалку десет спрема еден, само под услов да се организира добар ненадеен напад (заседа), што било и напаравено. Најзаслужен за оваа победа бил добриот организатор и стратег, Хаџи Илбеј, бидејќи Лала Шахин-паша бил разочаран од помошта која не им пристигнала, а воедно ни насон не помислувал дека може да го совладаат противникот со добра тактика. Се смета дека Лала Шахин-паша го убил Хаџи Илбеј со отровен шербет.

**ПОНАТАМОШНОТО ПОКОРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

По катастрофалниот пораз на битката на Марица во текот на 1371 година понатамошното освојување и покорување на Македонија било релативно лесно. Всушност во Македонија немало организирана сила која би им се спротивставила на османлиите, а воедно старата феудална класа била наклонета кон предавство со цел да ги задржи своите поседи и евентуално да биде наградена од османлиите. Сепак, и покрај ова, постоел отпор од населението. Османлискиот хроничар Ибн Кемал (1468-1534) вели дека бранителите на Скопје дале силен отпор пред османлиските сили под команда на Јигит-паша кој во текот на 1392 година станал управник на Скопје.

Од светските хроничари и патеписци само Садедин, Битлиси, Ашик-паша заде и Анонимус подетаљно ја опишуваат Маричката битка. По битката на Марица синовите на Волкашин: Андреја, Димитар, Иваниш и Марко станале турски вазали, при што кралската титула му припаднала на Марко, а останатите браќа ги изгубиле своите територии бидејќи останале без војска која загинала на битката на Марица. Според Мавро Орбини кој освен што бил добар теоретичар бил и мошне познат хералдичар, териториите на останатите браќа ги презеле: кнез Лазар – Ново Брдо и Приштина, Вук Бранковиќ – Скопје во текот на 1377 година. Марковата територија се протегала на исток до Вардар, а на запад до Охрид. Откако Охрид го зазел Андреј Гропа, територијата со која владеел кралот Марко (1371-1395) значително се намалила и му останал само Прилеп. Без оглед на тоа што кралот Марко во нашата народна поезија е опеан како голем херој и борец против поробувачите на македонскиот народ и другите балкански народи, сепак реалноста е малку поинаква. Имено, кралот Марко по Маричката битка 1371 година, за да задржи дел од своите територии морал да стане турски вазал, што повлекувало покрај плаќањето на редовните даноци кон Османлиската Империја, и учество во воените походи на османлиите со другите земји како османлиски вазал. Крали Марко и браќата Константин и Драгош Дејановиќ редовно како турски вазали учествувале во воените походи на Османлиската Империја со останатите земји. Таква една кобна битка се одиграла на 17 мај 1395 година во Ровињ, со влашкиот кнез Мирчеа којшто имал силна поддршка од Унгарија. На страната на османлиите покрај Крали Марко и браќата Дејановиќ се борел и српскиот кнез Лазар кој исто така бил во вазален однос со Османлиската Империја. Во оваа тешка борба животите ги загубиле кралот Марко и Константин Дејановиќ. Иако во оваа битка победил влашкиот војвода Мирчеа, тој сепак морал да се покори на моќта на султанот и да се обврзе на плаќање данок.

*д-р Андреј Илиев*



ШТИТ 13